број на пасош" се заменуваат со зборовите "и број на патна исправа за странско лице, и датум на издавање и датум на важност на патната исправа, како и огран која ја издал".

Член 3

Комисијата утврдува пречистен текст на Правилникот за формата и содржината на актот за издавање на хартии од вредност по видови на хартии од вредност.

Член 4

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Број 01-836/2
12 септември 2019 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Северна Македонија
Претседател,
м-р **Нора Алити,** с.р.

3079.

Врз основа на член 167 став 1 точка б) и член 190, а во врска со членот 21 став 6 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија" број 95/05, 25/07, 7/08, 57/10, 135/11, 13/13, 188/13, 43/14, 15/15, 154/15, 192/15, 23/16 и 83/18), Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 12.9.2019 година, донесе

ПРАВИЛНИК
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА НА ЗАПИШУВАЊЕ НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

Член 1

Во Правилникот за начинот и постапката за запишување на хартии од вредност (Службен весник на РМ бр. 122/2006, 147/2010 и 81/2014 и пречистен текст во Службен весник на РМ бр. 162/2014) (во понатамошниот текст: Правилник), во Прилог 1-ИЗЈАВА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ (УПИСНИЦА), во II ДЕЛ точка 2. Податоци за лицето - купувач на хартиите од вредност, зборовите "ЕМБГ / ЕДБ / Број на пасош за странско лице / ЕМБГ на полномошникот: _____" се заменуваат со зборовите "ЕМБГ, број на лична карта и датум на издавање и датум на важност на лична карта, како и орган кој ја издал / ЕДБ / Број на патна исправа за странско лице, и датум на издавање и датум на важност на патната исправа, како и огран која ја издал/ ЕМБГ, број на лична карта и датум на издавање и датум на важност на лична карта, како и орган кој ја издал на полномошникот: _____".

Член 2

Комисијата утврдува пречистен текст на Правилникот за начинот и постапката на запишување на хартии од вредност.

Член 3

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Број 01-837/2
12 септември 2019 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Северна Македонија
Претседател,
м-р **Нора Алити,** с.р.

3080.

Врз основа на член 167 став 1 точка б) и член 190, а во врска со членовите 154, 156, 158 и 166-а од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија" бр.95/05, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013, 43/2014, 15/2015, 154/2015, 192/2015, 23/2016 и 83/2018), Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 12.9.2019 година, донесе

ПРАВИЛНИК
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ГОДИШНИТЕ, ПОЛУГОДИШНИТЕ И ТЕКОВНИТЕ ИЗВЕШТАИ, МАТЕРИЈАЛИ ЗА АКЦИОНЕРСКИ СОБРАНИЈА И ИЗВЕШТАЈ ЗА СОПСТВЕНОСТ НА АКЦИОНЕРСКИТЕ ДРУШТВА СО ПОСЕБНИ ОБВРСКИ ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ КОИ СЕ ВОДАТ ВО РЕГИСТАРОТ НА КОМИСИЈАТА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Правилникот за формата и содржината на годишните, полугодишните и тековните извештаи, материјали за акционерски собранија и извештај за сопственост на акционерските друштва со посебни обврски за известување кои се водат во Регистарот на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија („Службен весник на РМ" број 112/2008, 31/2011, 31/2012, 76/2013 и 171/2013 и пречистен текст во „Службен весник на РМ" број 153/2015) (во понатамошниот текст: Правилник), во делот Видови на извештаи во Член 3, точка 1.4 алинеа 8, зборовите во заградата "број на пасош и земја од која е издаден пасошот за странско лице " се менуваат со зборовите "број на патна исправа за странско лице, и датум на издавање и датум на важност на патната исправа, како и огран која ја издал".

Член 2

Комисијата утврдува пречистен текст на Правилникот за формата и содржината на годишните, полугодишните и тековните извештаи, материјали за акционерски собранија и извештај за сопственост на акционерските друштва со посебни обврски за известување кои се водат во Регистарот на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија.

Член 3

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Број 01-838/2
12 септември 2019 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Северна Македонија
Претседател,
м-р **Нора Алити,** с.р.